# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До:** [redacted]

Бр. 03-3399/3

Скопје 24.07.2018г.

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитувани,

Врз основа на Вашата претставка (бр. 03/3399 од 18.07.2018 година), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши вонреден надзор на актуелно-информативната емисија [redacted] емитувана на 16.07.2018 година на програмата на Трговското радиодифузно друштво [redacted] ДООЕЛ Скопје.

Со надзорот **не е констатирано прекршување на член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (посебни забрани).** Притоа важно е да се има предвид дека Агенцијата нема ингеренции да го санкционира говорот на гостите во програмите, во конкретниов случај, на гостинката [redacted], туку е овластена да ги регулира медиумите. Оттаму, предмет на овој надзор беше постапувањето на водителката [redacted] по искажаните изјави од страна на Василевска, во емисија која се емитуваше во живо.

Имајќи предвид дека е потребна голема вештина и концентрација да се реагира соодветно во програма која се одвива во живо, надзорот покажа дека водителката [redacted] имаше коректна реакција по предвидувањето на за тоа кои би биле идните настани во случај да има брзи парламентарни избори, а да не се донесе нов Закон за влада („Мртви ќе има по улици", „Дали знаете колку луѓе ќе загинат?"). Имено, водителката, а преку неа и медиумот, јасно најпрвин побара од гостинката да го дообјасни ова тврдење („Зошто госпоѓо ?"). По изречените потпалувачки изјави од страна на гостинката („Затоа што ќе биде крв до колена."), водителката ја предупреди дека се работи за сериозни обвинувања („Ова се пресериозни обвинувања за било кого да е, за било кого да е, не е дека..."). Набргу по овие изјави на гостинката, водителката [redacted] одлучи да побара пауза за реклами, со што го прекина овој дел од разговорот.

Од анализата се заклучува дека иако е пропишано со закон, согласно практиката на ЕСЧП и одредбите на други релевантни европски документи, ограничувањето на слободата на изразување и информирање, во овој случај нема легитимна цел и не е неопходно во едно демократско општество.

Подетална елаборација има во Извештајот од извршениот вонреден надзор спроведен по вашата Претставка, кој Ви го доставуваме во прилог.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009